„Хасан и Хусеин се првенци меѓу младите жители на Џенетот.“

Ебу Сеид ел-Худри, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Хасан и Хусеин се првенци меѓу младите жители на Џенетот.“

[صحيح] [رواه الترمذي وأحمد]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, известил дека неговите внуци, Хасан и Хусеин, синовите на Али бин ебу Талиб и Фатима, ќерката на Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, Аллах нека е задоволен со нив, се првенци меѓу сите што починале млади и влегле во Џенетот во поглед на нивната доблест. Или, дека тие се првенци меѓу младите жители на Џенетот, со исклучок на веровесниците и праведните халифи.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/11169